Уп. Бр. 08-77/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото **Костал Бетајлигунгсгезелшафт 2 мбХ (Kostal Beteiligungsgesellschaft 2 mbH**), со регистрирана адреса на Ан дер Белмерај 10, 58513 Лиденшајд, Германија преку Адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден **23.06.2023** година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **Костал Бетајлигунгсгезелшафт 2 мбХ** (Kostal Beteiligungsgesellschaft 2 mbH), со регистрирана адреса на Ан дер Белмерај 10, 58513 Лиденшајд, Германија, ќе стекне самостојна контрола над одредени делови од деловното работење и средства на **Комплео Чарџинг Солушнс АГ** (Compleo Charging Solutions AG), со регистрирано седиште на Ецештрасе 8, 44379 Дортмунд, Германија, преку купување на акции во релевантните зависни друштва **на Комплео Чарџинг Солушнс АГ** и неговите поврзани лица, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 26.05.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна Костал Бетајлигунгсгезелшафт 2 мбХ (Kostal Beteiligungsgesellschaft 2 mbH), со регистрирана адреса на Ан дер Белмерај 10, 58513 Лиденшајд, Германија) (во понатамошниот текст: Костал) со која **Костал** ќе стекне самостојна контрола над одредени делови од деловното работење

и средства на Комплео Чарџинг Солушнс АГ (Compleo Charging Solutions AG), со регистрирано седиште на Ецештрасе 8, 44379 Дортмунд, Германија, преку купување на акции во релевантните зависни друштва на Комплео Чарџинг Солушнс АГ и неговите поврзани лица,.

Како последица на Предложената трансакција, деловното работење и средствата кои го сочинуваат Целниот бизнис (односно софтверското деловното работење на Комплео и главен дел од хардверското деловното работење) ќе бидат стекнати од страна на Костал..

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**КОСТАЛ** е семејна компанија со седиште во Лиденшајд, е меѓународен снабдувач на електронски, електромеханички и мехатронски решенија за широк спектар на автомобилски и други индустриски намени. Друштвото вработува околу 19.000 луѓе во 21 држави на 53 локации.

КОСТАЛ е поделен на четири оддели:

1- КОСТАЛ електрика за автомибили (KOSTAL Automotive Electrics),

2- КОСТАЛ електрика за индустрија (KOSTAL Industrial Electrics),

3- КОСТАЛ контактни системи (KOSTAL Contact Systems) и

4- СОМА инженерско тестирање (SOMA Test Engineering).

Трансакцијата претежно се однесува на одделот за електрика за индустрија, чие главни деловни области се фотоволтаици, контроли на возење, и електроника за мерење и контрола.

Портфолиото на производи вклучува соларни, батериски и хибридни инвертери, смарт уред за мерење како додаток за мерење и контрола на сопствената потрошувачка на енергија и соодветен софтвер за следење на фотоволтаици.

**КОСТАЛ** во Северна Македонија има едно регистрирано зависно друштво:

КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид (со регистиррано седиште во с. Косел 6000, Охрид и регистрирана дејност 29.31 - Производство на електрична и електронска опрема за моторни возила), кое има една производствена фабрика во Охрид.

**Комплео** е друштво кое котира на Франкфуртската берза, со седиште во Дортмунд, Германија. Давател е на сеопфатни услуги на хардвер и софтвер за технологии за полнење на електрични возила.

Портфолиото на хардверски производи вклучува развој, производство и дистрибуција на наизменична струја (AC) и еднонасочна струја (DC), јавни и полу-јавни станици за полнење.

Во овој поглед, Комплео нуди DC станици за стандардно полнење, DC станици за брзо полнење и (се очекува да биде лансирана до крајот на оваа година) станица за ултра брзо полнење.

Дополнително, Комплео нуди софтверски решенија и услуги базирани на cloud систем за оператори на јавна и полу-јавна инфраструктура за полнење. Ова во себе вклучува софтвер на оператори за столбови за полнење и маркетинг решенија за комерцијално работење. Во ограничен обем, Комплео нуди и таканаречени услуги за е-мобилност (ЕМР) на возачите на електрични возила. Тие вклучуваат, особено, апликација за плаќање на станици за полнење и начини на директно плаќање преку онлајн плаќање.

Целниот бизнис кој се стекнува го сочинува деловното работење на Комплео со софтвери и еден главен дел од деловното работење на Комплео со хардвери

**Комплео** нема регистрирано присуство во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**